# ХРОНИКА

Струмица 2007

Број 1



фотографија: Александар Дончев

# СТРУМИЦА ИНФО

## ОПШТИНА СТРУМИЦА

| | |
|---|---|
| Централа | 348 030 |
| Градоначалник | 348 026 |
| Секретар на општина Струмица | 348 059 |
| Одделение за урбанизам | 321 534 |
| Одделение за комунални работи | 321 634 |
| Одделение за локален економски развој | 348 024 |
| | 340 224 |
| Одделение за екологија | 327 712 |
| Одделение за образование | 348 037 |
| Одделение за месни заедници и односи со јавноста | 345 274 |
| Одделение за администрирање на приходи | 348 009 |
| Одделение за општи и правни работи | 344 199 |
| Одделение за буџет и сметководство | 320 314 |
| Одделение за инспекциски работи | 320 920 |
| Градежна инспекција | 321 080 |
| Дом на АРМ | 321 456 |
| Територијална противпожарна единица | 193 |

## ОПШТИНСКИ ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА

| | |
|---|---|
| ЈПКД Комуналец - Струмица | 346 341 |

## ОПШТИНСКИ ЈАВНИ УСТАНОВИ

| | |
|---|---|
| ЈУ Детска градинка "Детска радост" | 323 975 |
| ЈУ Дом за деца и млади "Благој Мучето" | 325 052 |

## ОПШТИНСКИ СРЕДНИ УЧИЛИШТА

| | |
|---|---|
| СОУ "Јане Сандански" - Струмица | 326 317 |
| СОУ „Димитар Влахов" - Струмица | 345 298 |
| СОУ „Никола Карев" - Струмица | 346 889 |

## ОПШТИНСКИ ОСНОВНИ УЧИЛИШТА

| | |
|---|---|
| ОУ "Сандо Масев" - Струмица | 325 532 |
| ОУ "Видео Подгорец" - Струмица | 345 829 |
| ОУ "Маршал Тито" - Струмица | 325 577 |
| ОУ "Никола Вапцаров" - Струмица | 324 968 |
| ОУ "Кирил и Методи" с. Дабиље | 346 871 |
| ОУ "Маршал Тито" с. Муртино | 373 298 |
| ОУ "Герас Цунев" - с. Просениково | 364 123 |

## Пријавете корупција!

Градоначалникот на општина Струмица, Зоран Заев ги информира граѓаните дека телефонскиот број **348 047** е отворен за пријавување корупција во рамките на општината.



# ХРОНИКА



**• ИНТЕРВЈУ: ЗОРАН ЗАЕВ**
Владата инвестираше во Струмица 40 илјади евра, а Општината 2,5 милиони евра!



**• ИНЕРВЈУ: ЗОРАН РИСТОВ**
Општина Струмица има најдобар градоначалник, не само во Македонија, туку и во Европа!



**• ИНТЕРВЈУ, ПАНЧЕ ОРЦЕВ**
Не ги делам вработените и корисниците на услуги по Партиска припадност!

**• ИНТЕРВЈУ, СТОЈАН ДИНЕВ**
Стојан Динев, Раководител на Сектор за урбанизам, комунални работи, заштита на животната средина и локален економски развој

**• СТАВ: РИСТО ПЕЦЕВ**
Сметам дека сме конструктивна опозиција!

**• СТАВ: ДРАГИ ЦРНГАРОВ**
Висока е комуналната такса за уредување на градежното земјиште во населено место!

**• ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ**
Проекти, активности

**• КУЛТУРА**
**• СПОРТ**

Издавач: Општина Струмица
Тираж: 2000 примероци
Уредници: Илија Патаров, Борис Заќиров
Дизајн: Љубомир Арнаудов, Ѓоко Ристевски
Печати: Графосервис

## Зошто ХРОНИКА?

Едноставно затоа што треба и мора да ја има, како времеплов за еден живот во оваа наша питома долина, со завет дека нема да биде нем фактографски сведок, туку активен креатор на посреќните и подостојни денови на лугето кои се Европски дел од Македонија со Евроатлански аспирации. Ако беше до нас, ние оддамна ке бевме таму. Лугето од мојата средина, се вистински амбасадори на мирот и трудот, каде и да се. Мотики- наместо оружје е нивната животна филозофија. Некој друг во државата е виновен за  вистинското гето во кое ке се живее уште многу години.

Токму тоа, афирмирањето на вистинските вредности, покрај изворното информирање, во деновите кога треба да заживее вистинска децентрализација, е основната мисија на ХРОНИКА. Ке докажува дека лугето од оваа средина, заглавени во бирократскиот лавиринт, не владеат со сопствените добра. Сеуште центрите  на моќта во државата, одлучуваат колку крстови и минариња ке има во нивниот сокак, по кои патеки ке им се движат козите и магарињата.

Ке информира но и ке  ги афирмира демократските вредности градени  преку системот на одлучување во Општините, ке укажува на важноста на изборот на вистинските лидери во локалната средина и на уште поважниот избор на гласноговорниците во највисокиот законодавен дом во државата. -Стоп за робовите на партиите, -напред за оние што ке знаат да одговорат на обидите за дискриминација на било која државна власт кон Струмица и Струмичкиот регион, зашто очигледно тоа ни се случува.

ХРОНИКА, за нашата убава слика, за да биде уште поубава,  градена со љубов од лугето кои тргнаа да ја испишуваат. Тоа е нашето ветување.

Зоран Заев,
Градоначалник на
Општина Струмица



# Владата инвестираше во Струмица 40 иљади евра, а Општината 2,5 милиони евра!

**Потрошивте повеќе од половина од својот четиригодишен мандат. Колку и понатаму ве исполнува функцијата градоначалник?**

Согласно моето искуство, ќе кажам дека го исполнува политичарот кој пред граѓаните си зел обврска да ја обавува таа функција, во име и за сметка на граѓаните.

**Имаше примери, од оној на Панчо Минов, да се бара граѓанска доверба за повторно враќање во Собраниските клупи?**

Мислам дека така може да размислува секој политичар на кој му е важна само платата и неговата идна егзистенција. Не само Панчо Минов, и одреден друг круг на политичари кои поминале еден или повеке мандати на некоја функција гледаат како да бидат загарантирани повторно од политиката, да бидат обезбедени со финансиски средства за своето семејство. Кај мене е друг случај. Најверојатно од сегашните состојби и согледувања ни функцијата министер не е доволен предизвик.

> **ЌЕ ДОЈДЕ ДЕНОТ КОГА ЗА ГРАДСКИОТ ПАЗАР ЌЕ ПИШУВАМ МЕМОАРИ**

**Во ситуација кога сеуште не е воспоставена вистинска децентрализација во земјата?**

Лично што очекувам: Во овие, година ипол од мандатот, Општините во државата да стекнат сопствени ресурси. Менаџментот на самата локална власт ќе може да менаџира со тие ресурси, како што се: градежното, земјоделското земјиште, правото сами да собираме даноци, целосен менаџмент во креирањето на приходниот дел на буџетот. Тогаш на вистински начин може да дојде до израз менаџерската способност и на градоначалникот и на Општинската администрација со која раководи тој. Доколку се исполнат очекувањата да добиеме нови ресурси, мислам дека градоначалник на урбана Општина како што се: Струмица, Битола, Куманово, Охрид е подобра позиција за манифестирање на лични способности отколку министерската.

**Впечаток е дека државата тешко се откажува од градежното земјиште?**

Официјалните ставови на владата се со завршувањето на реформите во катастарот. Јас сум оптимист, не заради ставот на Владата, туку затоа што Македонија остана последна, каде што државата стопанисува и управува со градежното неизградено земјиште.

Колку и да правиме опструкции, како влада или политика, оваа работа треба да ја завршиме доколку сакаме преговори со Европската унија, доколку сакаме предпристапни фондови, од едноставни практични причини. Општините нема да можат да ги користат средствата како Општините од другите земји кандидати, само заради тоа што немаме градежно земјиште. Во самите тендерски постапкии ние мораме да бараме согласности од Република Македонија. Тогаш бенефитор би бил Република Македонија а не Општините. Европа не дава пари кога има вакви кочници. Имаме работи кои мора да бидат решени меѓу кои е градежното неизградено земјиште, доколку сакаме да бидеме кандидати за претпристапните фондови и за полноправно членство во Европската унија. Колку и да оддолжуваме оваа работа мора да ја завршиме.



Кои се искуствата од другите држави?

Сите држави од некогашна Југославија, Албанија, Бугарија, Романија, Унгарија, Полска, Чешка, Словачка, секаде локалните самоуправи управуват со градежното неизградено земјиште.

## ГРЧКА ИНВЕСТИЦИЈА

Во тој контекст какви се шансите да се остварат најавените инвестиции на Грчки и Хрватски инвеститори во Струмица?

Се води битка за секој од најавените проекти. За еден инвеститор да дојде има еден мал милион претходни работи, кои треба да ги завршиме. Што се случува досега со Грчката голема инвестиција. Прво побараа локација. Кога ја пронајдоа побараа Општина Струмица да донесе урбанистички план за пренамена од земјоделско во градежно земјиште, потоа преговараа, за да видат колку сме подготвени за да отстапиме од комуналниот надоместок. И овде договоривме намалување за 80%, односно да платат само 20%. Потоа мораа со геомеханички испитувања да ја проверат стабилноста на земјиштето. Се постави прашањето за останатата инфраструктура. За предвидените фабрики, треба 15 мегавати за електрично напојување. Општина Струмица и целиот регион имаат три 110 киловолтни трафостаници. Само за потребите на овие фабрики треба една 110 киловолтна трафостаница. Во преговорите, ЕСМ побара 3.500.000 евра, грчките инвеститори да ја финансираат трафостаницата, со тоа што понатаму треба да им ја поклонат, затоа што според законот само тие може да администрираат со неа. Инвеститорите по ова се вратија разочарани во Грција, со укажување до мене, дека странски инвестиции тешко ќе влезат во државата со вакви закони. Струмица и јас како градоначалник почнавме, независно од нив, да преговараме со ЕСМ. Добивме 411.000 евра, значи од 3,500.000 евра ја намаливме сумата на 411.000. Инвеститорот пак се врати. Имаат најавено средба со Веле Самак - министерот за странски инвестиции и со потпретседателот Зоран Ставревски, за дефинирање на критериумите за јавната лицитација за земјиштето. Владата понуди 100 денари плус 50 денари за прво наддавање. Тие бараат 1 евро, со 50 денари почетно наддавање. Треба да се договорат дали сите парцели ке одат заедно. Ако се распише лицитација, земјиштето ке може да се купи до крајот на ноември.

Јавно надавање. Што ако се случи да се достигне до 500 денари од м², случај во Муртино?

Не постојат такви можности. Проблемот во Муртино беше што државата напиша почетна цена 500 денари. Висока, веднаш ги одвраќа. Во оваа ситуација 100 денари е прифатлива цена. Тоа е по правило на Министерството за транспорт и врски. Кога ке понудите 420.000 м² по 150 денари тоа чини 1.020.000 евра. Немам информации дека има други заинтересирани. Претпоставка е дека Грчките инвеститори ќе успеат да го купат земјиштето по 150 ден од м², но тие се спремни да лицитираат со секој друг заинтересиран.

Кои се нивните инвестициони планови?

Четири фабрики, во период од 5 до 7 години. Доколку се исполнат сите услови, согласно нивните бизнис планови постои можност сите 4 да бидат во функција за 3 години, но пред се тоа зависи од другите сопственици на корпорации затоа што имаме Холандиски, Француски, Италијански и Шпански капитал. Вкупната инвестиција ке достигне до 150.000.000 евра, со отварање на 3.000 работни места. Се работи за трудоинтензивни капацитети кои ке се базираат на ефтина работна сила.

Што се случува со Хрватски „Агрокор". Не склучивте спогодба за земјиштето, оставивте државата да биде понатамошен партнер во градењето на откупно-дистрибутивен центар на земјоделски производи во Струмичко. Имам впечаток дека тоа ќе се оддолговлечува.

Тоа нема да се случи. Овие денови по донесувањето на одлуката од страна на Советот, го поздравувам тоа како подадена рака кон државата,

индиректно заради граѓаните. Се работи за барање на Министерството за транспорт и врски и Владата, да можат со вредноста на земјиштето и со вредноста која ја имаат во буџетот за ладилници да бидат партнери во проектот. Намерата е да се постигне сопственост од 30 до 35 %, со образложение и пред мене, дека со тоа ќе можат да ги заштитат и производителите, за да не се случи монопол на цени. Генерално со влегувањето на Агрокор имаме куп позитивности, со самото тоа што носиме нов и голем побарувач на нашите земјоделски производи. Јас сум оптимист и морам да бидам оптимист. Ние веке работиме со Агрокор. Направени се првите проценки колку ке чинат двата моста, самиот пат до берзата, водовод, канализација, тротоари. Вкупната инвестиција на самата инфраструктура е проценета некаде околу 2.500.000 евра. Дефинитивно со комуналиите кои тие ќе ги платат не може да се покрие ваквата инфраструктура, и Владата ќе интервенира. Сериозноста и намерите на Агрокор ги потврдуваат зачестените контакти и заинтересираноста за инфраструктурата. Јас лично очекувам, Владата најдоцна до октомври да склучи договор за јавно-приватно партнерство, а веројатноста е наскоро тие од нас да побараат одобрение за градба.



## ОВАА ГОДИНА ОПШТИНАТА Е НАЈГОЛЕМ ИНВЕСТИТОР ВО СТРУМИЦА

**Има ли Општина Струмица други локации кои може да им ги понуди на заинтересирани инвеститори?**

Општина Струмица во својата програма има 24 урбанистички планови, преку 9 се за зона стопанство. Во моментот ако побарате да градите фабрика, деловен простор, не можете да најдете локација, затоа што немаме детални планови за периферните делови на градот, каде со генералниот план е проектирано ширење на стопанството. Тоа е целата лева страна од транзитниот пат. Овде носиме 9 детални планови, ја проширувaме индустриската зона. Тоа се површините кај краварникот, околу Кванташки Пазар, десната страна од патот за Просениково, зоната кон Дабиле, северната страна од Агроберзата, цела лева страна од Жито Струмица кон Терминалот. Очекувам барем половината од овие планови да бидат донесени до крајот на годината, каде што може да се понуди и приватно земјиште во функција на градба и државно преку лицитација. Сето ова во 2008 година треба да го предизвика вниманието на сите што имаат бизнис планови. Интерес за градба на стопански објекти има и во останатите населени места, конкретно за 4 локации државно земјиште во Муртино, за кои се јавија домашни стопанственици, меѓутоа проблемот беше што Министерството за транспорт и врски, лоцирајќи ја Струмица како атрактивно подрачје одреди превисока почетна цена од 500 денари од м². Јас ги информирав и инсистирав да ја корегираат, видоа дека не успеа тендерот и сега овие денови очекувам почетна цена од 100 денари од м².

**Вашите предвидувања и очекувања доколку државата го преотстапи градежното земјиште?**

Ние ги им понудиме на инвеститорите земјиште доколку имаат што да инвестираат. Неколку грчки фирми поврзани по секакви линии со Струмица ќе добијат официјална понуда за земјиште.

## ВО СТРУМИЦА ИМА 15.000.000 ЕВРА СЛОБОДНИ СРЕДСТВА

**Од секторот за урбанизам доаѓаат оптимистички најави дека се зафаќате со урбанизација на сите 250 ха. во градежниот опфат?**

Тоа е една желба. При првото сондирање што го направивме уште во 2005 година, се виде дека граѓаните доколку сакаат да изградат куќа тешко доаѓаат до плац, наши заклучоци се дека дел од граѓаните кои што фигурираат како богата структура во градот бараат елитна населба. Бизнисмени бараат локации за ширење на производство, за втори дејности, имаме, гарантирам, јас често и пред Владата тоа го кажувам, само во Струмица, слободни 15.000.000 евра, домашни пари коишто чекаат понуда каде да бидат инвестирани. Ако ние не излеземе, прво со локација со сите предности коишто ги нудиме, со ослободување од комуналии, бизнисмените нема да се решат да инвестираат.

**Од каде сознанија за слободни 15 милиони евра?**

Сознанијата се токму од бизнис секторот. Ако ги проверите сметките на нашите бизнис компании во Струмица, 5.000.000 евра има на самите сметки, кои не ги трошат за репроматеријали, минимум треба да се очекува дека два пати повеќе има во сефови и банки. Овие пари мора да бидат пуштени во оптек за нови инвестиции.

**Што се случува со касарната 11-Октомври?**

Се повеке сум песимист. Имам информации од комисијата при Владата, чиј претседател е Зоран Ставревски, дека овие локации ги преговараат

со странски инвеститори за градба, согласно плановите. На слободното земјиште од касарната има предвидено колективно домување - згради. Владата веќе бара инвеститори кои би граделе. Ние ги баравме, макар како пример да видат колку сме успешни со администрирањето на државното земјиште. Владата не гледа таква перспектива, и досега сите 9 касарни, кои не се во функцијата на АРМ, се предмет на преговори со домашни и странски инвеститори. Ние сме подготвени да ја изградиме инфраструктурата согласно нашите надлежности, но реално јас како градоначалник, не очекувам касарната да биде сопственост на Општината Струмица.

**Патна инфраструктура. Сеуште имаме „недостојна" комуникација по коцки. Дали воопшто имате ангажман на овој план?**

Алармирани се сите наши пратеници, сите наши влијателни Струмичани, да лобираат кај Владата за овој пат, и кај сегашната и кај претходната. Во моментот организираме едно лоби на влијателни Струмичани, без разлика на нивната припадност во политиката или бизнисот, да се обидеме да го ставиме рамноправно за распишување на концесии од страна на државата со коридорот 8. Бараме 2 ленти Струмица-Велес. Владата, веќе знаеме, го има во Буџетот доврршувањето на овие 10 километри од Радовиш до Злеово, и тоа ќе се заврши. Но оваа не е доволно. Струмица претставува тесно грло, пред се за идниот развој токму поради непристапноста од сите страни. На границата сме со Европската унија. Не може нашето производство, и земјоделско и индустриско, достоинствено да излезе надвор од Струмица, како од сите други региони. Или ке има оштетување на Валандовско брдо или на калдрмата Струмица - Радовиш. Бараме нашите приходи како струмички регион во полнењето на Државниот буџет да бидат ставени на вага и овој пат да биде завршен.

**Штипското лоби во државата ја свртува идеате за карго аеродром накај својот атар?**

Владата нема направено потег околу оваа работа, ниту мислам дека ке направи, да биде во Штип, заради тоа што во прашање е исплатливоста на инвестицијата. Во Струмица знаат дека ќе функционира, во Штип нема да функционира. Едноставно, економските и пазарните механизми, секој инвеститор ке го насочат кон Струмица. Што и да направи Владата, мислам дека конечно Струмица прва ќе дојде до реализација на идеата.



**Што стана со железничкото поврзување со Петрич, во една прилика изјавивте дека Струмичкиот регион нема исплатлив потрошувачки капацитет за гасификација преку Петрич - соседна Бугарија.**

Проектот за гасификација не е обелоденет. Со еден наш Струмичанец, господинот Хаџимишев, го работиме 2 години. Многу лесно го лепиме на ТЕЦ Неготино. Едно од кажувањата на Гаспром е дека Струмица има потенцијал за 17 милиони кубни гас, што не е доволно за инвестирање и треба да се размислува пошироко за целата половина од Јужна Македонија, дел од Северна Грција и Албанија. ТЕЦ Неготино многу лесно се лепи на овој проект. Гасот е замена за било кој енергенс, посебно за индустријата, земјоделството. Железничкото поврзување и не е во фаза на размислување, од причини што во Македонија железницата не функционира и таму каде што постои.

**Поглед кон сегашните инвестициони активности на Локалната самоуправа Струмица?**

Општина Струмица има буџет од 208 милиони денари. Од нив 160 се за капитални инвестиции. Тоа не значи само развојна компонента, тоа значи дека огромни проблеми кои постоеле во Струмица веке се надминати, тоа значи нови убавини и за градот и за Струмичките села. Само мал дел од парите одат во администрација и тековни други трошоци, а најголем дел оди за нови улици, тротоари, нови водоводи, канализација, за нова урбана опрема. Нашата најава беше дека и 2007 и 2008 и градот Струмица ќе биде нов град и населените места ќе бидат нови населени места, според изгледот. Вкупните квадратури на кои инвестираме е тешко да бидат сублимирани, колку е асфалт, колку се тротоари колку водоводни линии. Ке кажам дека нашата цел е до крајот на 2008 година да немаме отворени прашања од граѓаните за асфалтна патна инфраструктура. Тие работи треба да бидат заокружени и во градот и во останатите населени места. Тогаш можеме да кажеме дека сме достоинствено урбанистичко уредена Општина. Можам да кажам дека буџетот и оваа година ќе биде исполнет со преку 95 %. Тоа значи отварање на нови перспективи за 2008 година, за кои многу Општини во Македонија не можат да замислат дека дошло време за решавање.

**На што се должи тоа? На вкупните состојби и какво таквото раздвижување во регионот, на вашето успешно менаџирање на работите, Советот, администрацијата.**

Во делот на кампањата за градоначалник, реков дека доколку бидам избран, 12 и 16 часа се малку за работа. Сега видов дека 18 часа е правило за работа. Општинската администрација и Советот имаат голем удел во тоа. Голем приходен дел од буџетот се наши сопствени проекти кои буквално ги измисливме, дојде време годинава да ги имплементираме а да носат многу средства за Општинскиот буџет. Таков према е градскиот пазар, отварањето локации за колективно домување, економските сфери, кои допрва треба да го полнат нашиот буџет, како што е зона Сачево-Грдско Балдовци, како што е Агрокор, новите индустриски зони. Водењето на Општината не е ништо поразлично од водењето на било која поголема приватна компанија.

Доколку го наполните буџетот, ќе имате и повеќе решени проблеми на граѓаните, но претпоставка оваа цел да се исполни треба и економската моќ на граѓаните да биде на повисоко ниво. Самиот проект градски пазар во вредност од преку 15 000 000 евра, донесе можност да бидат инвестира слободните средства на нашите бизнисмени. Тоа значи, добра наплата на комуналиите, вбризгување на пари кај еден куп Струмички фирми коишто работат на проектот. Тоа значи плата на Струмичани коишто работат во тие фирми, повеќе купување во сите продавници, поредовно плаќање на давачките кон нашиот буџет. Прашањето во делот на финансиите е кружен процес, во кој најголем бенефитор е Буџетот на Општина Струмица. Менаџирањето со Буџетот е многу важно прашање, затоа што реков ние сме исто како приватна фирма, ако има пари ќе биде поуспешна. Ние се фокусираме на полнењето на нашиот буџет согласно законот. Овие денови имаме зголемено полнење од комуналните такси-фирмарини, данокот на имот, кои се наши изворни приходи, од комуналиите. Економската моќ, менталитетот на Струмичаните се многу важни, за да може да кажеме дека Струмица денес е едно големо градилиште, не само градот туку и сите населени места, за да можеме да се пофалиме дека имаме преку 60% капитален буџет, дека не ги трошиме средствата на граѓаните 100% за плати и административни трошоци, дека најголем дел од нивните проблеми се решени, зборуваме за нови пософтицирани проблеми кои во другите Општини тешко доаѓаат на ред, и да констатираме дека најголем инвеститор во 2007 година е Општина Струмица со 2 500 000 Евра директни инвестиции, кои стигнуваат до сите Струмички фирми коишто работат. Буквално околу 80 % од овие пари се вбризгани во Струмичките фирми. Ги враќаме назад. Тоа значи , за



Струмичани плата, трговија во делот на материјалите, кружен и бесконечен процес каде што ефекти имаат сите. Во иднина да димензионираме уште многу вакви буџети и се надеваме дека директно како Општина и ќе го потикнуваме развојот на Струмица и Струмичкиот регион.

### КАДЕ Е ДРЖАВАТА ВО СТРУМИЦА

**Колку во тој развој учествува државата, колкав е делот на странски донации?**

Ова година имаме 2 големи проекти, едниот во делот на културата за прекугранична соработка со Бугарија, 42 000 евра , средства што директно ги насочуваме во културата, средства од кои корист имаат работниците од културата и граѓаните кои знаат да ги користат придобивките од културата, преку Карневалот, Камерниот театар Ристо Шишков, Астер-фест, Ликовната колонија и други културни манифестации кои постојат во Струмица. Другиот проект е „Цареви кули„ во вкупна вредност од 455 000 евра, со користење во 2007 и 2008 година. Од УНДП и УСАИД имаме вредни донации, како што е обновата на столаријата во ОУ „Видое Подгорец„ одредени проекти за едукација и дообука на кадри. Минатата година беше реконструирана трим-патеката на „Цареви кули„ реконстркцијата на Градската библиотека, но во вкупната вредност на буџетот, овие пари, ги сметаме секогаш плус надвор од проектираните 208 000 000 денари. Сега имаме нов проект во висина од 117 000 евра со Грција. Станува збор за таканаречен проект „аутсорсинг„ што значи директна и практична едукација на високообразовани стручни кадри, односно нивно практично оспособување во фирмите на сметка на Општините. Бенефит ќе има стопанството, невработените а генерално - перспективно и Струмичката економија.За државните донации не би сакал да зборувам затоа што е срамно она што се прави кон Струмица. Општина Струмица, оваа година има само 2 500 000 денари од Бирото за недоволно развиени подрачја, благодарение на пратеничката Соња Гелова, која се потруди да ги обезбеди. Општина Струмица по жител е најголем полнач на Буџетот на Република Македонија.Жално е при барањата за водоводи, канализација, каде што не следуваат согласно државните програми, во делот на земјоделството и екологијата, иако во тој дел добивме втора награда, прва меѓу Општините, нема финансиски средства, од земјоделство, за рурален развој, од

транспорт и врски, барем по број на жители не по критериум на полнење на централниот буџет, треба да имаме 7 000 000 денари а имаме нула денари. Со наш буџет од 208 000 000 денари, овие 7-10 не се многу значајни, но се драгоцени. Јас се надевам дека Владата нема да ја повтори грешката во 2008, заради тоа што ние го бараме она што им следува на граѓаните.

Во тој контекст, нема обештетување за земјоделците од ланското невреме. Во Василево и Босилово парите се одамна распределени?

Жално е што моравме да ја тужиме Република Македонија за оваа работа. Се работи за 1.700 000 денари, средства кои се 17% од вкупните средства кои ги добија земјоделците од Василево и Босилово. Во конкретниот случај требаше да ги добијат земјоделците од Просениково и Дабиле.

Дали не чувствувате некоја вина за тоа, дали сте во прашање вие и вашата функција потпретседател на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија?

Ако ги прашате сите министри во Владата,- со кој од градоначалниците имаат најдобра соработка, сигурно јас ќе бидам меѓу првите. Тоа јавно е кажано на официјални средби, но на оваа Влада и сметам како потпретседател на СДСМ, истовремено и градоначалник на Струмица. Јас знам дека дел од причината за ваквата распределба на државните пари е Зоран Заев, но граѓаните мора да знаат дека токму преку отварањето на проекти ние и те како ги надокнадуваме тие средства. Пример: Велес е поголем од Струмица, има сопствен Буџет од 110 000 000 денари, двојно помалку од нашиот. Знам дека вината е тука, но знам дека во иднина, како потпретседател на една од најголемите партии, можам да донесам повеќе за Струмица. Струмица и досега имала влијателни луѓе во власта, но жално е тоа што се случува во делот на државните пари, жална е споредбата колку Струмичани полнат преку ДДВ, персонален данок и данок на добивка во централниот буџет, а што добиваат за возврат. Тоа се гледа преку подршката на културата, спортот, инфраструктурата и директно преку дотациите во Општинскиот буџет.

## ЌЕ ГО СПРЕЧИМЕ СЕКОЕ ЗАГРОЗУВАЊЕ НА ИНСТИТУЦИИТЕ

Деновиве, плативте државни долгови за деблокирање на сметката на СОУ,,Јане Сандански,,?

Државата е тром апарат , тоа е едно од објаснувањата и потребите на децентрализацијата. Државата, ако не ги врати парите спогодбено ке ги врати




по судски пат. Во овие договори стои потпис на Министерство за финансии, но никој не праша дали на 15 октомври децата во гимназијата ке имаат греење. Општината скрати дел од своите планови за да може оваа училиште да не биде запоставено зад другите две. Интервениравме, и тоа ќе функционира како што треба. Општина Струмица е силна Општина и нема да дозволи да има некакви слични примери кои ќе го доведат во прашање функционирањето на секојдневниот систем, без разлика од која област е : спорт, култура, социјална заштита. Секојпат сме спремни на она што значи отстранување на загрозувањето на институциите кои функционираат во Струмица, па макар тоа било и државна институција.

Проект-реконструкција на градскиот пазар. Речиси е готов, но почетно имавте проблеми. Државата ве обвини дека градите дивоградба, вие одговоривте на свој начин и во дневниот печат. Стоите ли сеуште на тогашната одбрана дека други во државата се дивоградба?

Јас само ќе кажам кратко. Ќе дојде време кога ќе пишувам мемоари за овој проект, затоа што ако во јавноста се каже се, ќе биде оценето како пеколни вредности. Притисоците кон Општина Струмица завршија, меѓутоа ние моравме да закупуваме и плаќаме страници од дневниот печат, да излегуваме на прес конференции, стручно да им укажуваме на државните инспекции за нивните пропусти за на крајот да победи вистината. Во овие моменти нема инспекции, објектот е со правосилно одобрение за градба, се исполнија некои суети на наши Струмичани, претставници во централната власт. Инспекции нема, но во моментот ако ја прашате фирмата соинвеститор на пазарот ке добиете информации кои ќе ве запрепастат. Со тоа крајно ги поминаа сите граници и сакаат на секаков начин да извршат притисок и да го симнат од пиедесталот на важноста како проект за Република Македонија. Жално е тоа што, наместо во исто време министерот за финансии и министерот за транспорт и врски го презентираат на јавни презентации како пример за публицк прајвер партнерс, суетите од ВМРО-ДПМНЕ, гледаат ефектите од овој проект да ги симнат на нула, сите позитивни влијанија, кои треба да допрат, пред се до странски инвеститори, сакаат да ги минимизираат. Вистината и правдата ќе излезат на виделина и на крајот ке дојде декември, кога ние ќе го пуштиме градскиот пазар во употреба со целата инфраструктура околу него и ќе покажеме што значи успешен пример на Општина Струмица за јавно -приватно партнерство,како перспектива во развојот на локалната самоуправа.

### Резиме, од ништо- добивка?

Општина Струмица не потроши ниту 1 денар. Општина Струмица имаше земјиште од 3 200 м2 на долгорочен закуп. Сега имаме градски пазар од 3.400 м2. Општина Струмица имаше околу 280 тезги од по 1,20 м. должина, сега има преку 340 тезги од по 1,80 м, има деловен простор од преку 100 м2, има 20% од катните гаражи и 1.100 000 евра од комуналии со кои работиме. Ако кажам колку има државата преку ДДВ, персонален данок, данок на добивка, такси кои се плаќаат, ќе надмине 5 000 000 евра. Ако кажам колку има нашето стопанство, колку сообраќајните решенија кои ги нудиме. Самиот простор со катната гаража е непроценлива вредност. Да, заработка има и инвеститорот, но без заработка нема успешен проект.

### Широко им подадовте рака, нудејки им приклучок на градскиот водовод, на околните населени места. Одржавте собири со граѓаните во нив. Дали тие ја видоа поддадената рака?

Со самите капитални објекти кои го полнат Буџетот, ние дојдовме до размислување, заклучно со крајот на 2008 година, да ги обезбедиме со вода за пиење сите населени места во Општина Струмица, меѓу кои се : Просениково, Добрејци, Дабиле и Градско Балдовци. Досега моравме да се крстиме на некаква донација, или граѓаните целосно да го финансираат тоа, сега благодарение на ваквиот буџет може да кажеме дека Општина Струмица, како нивна Општина, ќе обезбеди половина од потребните средства. Благодарение на ваквите проекти како што е градскиот пазар, ние во идната година ке може да издвоиме 15 000 000 денари за решавање на водоснабдувањето во овие населени места. Од граѓаните очекуваме 14 000 000 денари но сигурно не би било исто да ги дадат потребните 30 000 000 денари сами. Тоа е нивна придобивка од нивната Општина Струмица.



### Ваша оценка за работењето на Комуналец?

Комуналец годишно враќа 340 000 евра, рата за замена на водоводната мрежа во градот, успева редовно да ја врати, иако во времето во кое требало да акомулира средства за враќање на истите, од претходниот совет, градоначалник и директор затекнавме нула денари на посебната сметка. Лично сум задоволен од работењето на Комуналец, во сите сегменти, затоа што ако направам споредба со било кое друго претпријатие ширум Македонија, ќе кажам дека Струмица и овде е пример број еден. Во другите градови имаме блокирани сметки, неплатено ДДВ, каде, градоначалниците заедно со директорите молат пред Министерството за финансии, да се опростат некои долгови, да им бидат намалени давачките и слично. Ние немаме такви проблем, Комуналец работи со позитивна добивка, која на крајот од секоја календарска година, ја реинвестираме. Во моментот излегува во пресрет на Општина Струмица, во целата инфраструктура која ја градиме. На булеварите Маршал Тито и Ленинова, излегуваат куп нови трошоци, кои ги носи на свој грб. Никој не ги знае работите. Ги знаат само на очи. Во секој еден проект има обврски и финансиски и административни. Комуналец достоинствено ја следи Општина Струмица, секогаш, и во плановите, на некоја од следните седници на Советот ќе излеземе со пишани материјали за собирање на сметот во сите населени места. Отворена е прашањето за целосно функционално заокружување на водоводните системи во Водоча, Банско, Свидовица, Куклиш, Сачево, Белотино, Раборци, Попчево, за да може нив да ги средиме согласно европските правила за водоснабдување. Идната година треба да ги санираме сите и да ја завршиме со заедничка изјава дека сите граѓани на Општина Струмица имаат квалитетна и здрава вода за пиење.

### Дали сите населени места ви се исти. Имам впечаток дека Габрово има привелигиран статус кај вас?

Нема Габрово. Ако го цените заедно како инвестиции можеме да кажеме дека има привелигиран статус. Овде отворивме една нова локација, која и треба како нова димензија на туризмот на Струмица и којашто донесе дополнителни инвестиции. Граѓаните досега можеа да дојдат до првиот водопад. Позади него има уште 4 кои се ресурс за развој на туризам кој генерира економски развој. Инаку средствата во програмите се распределуваат по бројот на жители. Некоја година заради вредноста на проектот можеби некое село ќе добие повеќе, но четирите години граѓаните на Општина Струмица ке имаат рамноправно право, без разлика дали живеат во градот или во останатите населени места.

### Вашата комуникација со ,,нашите,, претставници во највисокиот законодавен дом?

Имам добра комуникација со сите, освен со Силвана Бонева, со која тоа се сведува на куртоазија.



# Совет на Општина Струмица

Од конституирањето, на 25 март 2005 година, досега има одржано 58 седници, разгледано 413 прашања, донесено 44 програми, 123 одлуки, 73 решенија, 157 заклучоци и 16 други акти. Ефикасното работење, придонесе, Општина Струмица, прва во земјата и четврта на Балканот да го добие меѓународниот сертификат ИСО 9001:2000, што значи работење по Европски стандарди.

# Компјутеризација на советот на Општина Струмица



Со техничкото опремување со персонални компјутери (лап топ) советниците на самите седници, пред себе ке ги имаат сите службени гласници, деловникот за работа, законот за локална самоуправа а преку интернет, преку сајтот на Министерството за Правда, можат да дојдат до сите закони од кои имаат потреба на самата седница. Советниците ќе имаат увид во целата ситуација од почетокот на својот мандат и многу лесно ке се потсетуваат на некои нешта но и секојдневно да проверуваат на својата адреса, - дали некој од граѓаните поставил прашање. Со тоа се зема и една одговорност повеке, се приближуваме кон обичниот човек. Секој граѓанин може да постави прашање на кое сме должни да му одговориме. Со тоа Општината добива во комунијакација и во квалитет, затоа што, сите прашање и сугестии можеме да ги добиеме и на домашна адреса, за потоа да ги разгледаме, најпрво на советничка група, на кординација и тие прашања од обичниот граѓанин да станат интересни за локалната самоуправа , за Советот. Општина Струмица, со Општина Велес се меѓу првите на тој план во земјата и мислам дека ќе допринесеме многу повеке. Се соработува со многу совети во земјата но недостасува искуство за работењето на локалните самоуправи и Советите во други држави.

# Бакнежи за добредојде во старото јато



Нов момент во работењето на Советот на Општина Струмица. На 58-та седница, советникот од ВМРО-Народна партија, Александар Тенев, од говорницата, изјави дека заедно со својот сопартиец Петре Маџаров заминуваат во редовите на ВМРО-ДПМНЕ, односно и се приклучуваат на седумчлената советничка група на оваа партија. Со овој трансфер, односот на силите е: Социјалдемократски сојуз и коалиционите партнери 13 советници, ВМРО-ДПМНЕ и коалиционите партнери 9 и 1 независен советник.
Официјално нема образложение за причините за враќање на Тенев и Маџаров во старото јато, неофицијално, во прашање е роднинската врска на Маџаров со новоизбраниот координатор на О.К. на ВМРО-ДПМНЕ-Струмица, Томе Лазаров. ОК на ВМРО Народна испрати соопштение до јавноста со кое се оградува од нивниот потег и истиот го окфалификува како остварување на нивни лични интереси.

**ИНТЕРВЈУ**
Зоран Ристов,
Претседател на Советот на
Општина Струмица



# Општина Струмица има најдобар градоначалник, не само во Македонија, туку и во Европа!

"СОВЕТОТ ДЕЛУВА КАКО КОМПАКТНО ТЕЛО, ВО ИНТЕРЕС НА ДОБРОТО НА ОПШТИНА СТРУМИЦА, ПРИ ШТО ДОАЃА ДО ИЗРАЗ ЕДИНСТВОТО НА СИТЕ ПОЛИТИЧКИ СУБЈЕКТИ. НИЕ СМЕ ИЗБРАНИ ОД ГРАЃАНИТЕ ДА РАБОТИМЕ ЗА ПОДОБРА СТРУМИЦА И МИСЛАМ ДЕКА ТИЕ ГО ЧУСТВУВААТ ТОА, БИДЕЈЌИ СО ОДЛУКИТЕ НА СОВЕТОТ, СО ПРОГРАМИТЕ, РЕШЕНИЈАТА И ЗАКЛУЧОЦИТЕ СЕ РАБОТИ ДА ЈА ОЛЕСНИМЕ РАБОТАТА НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА".

**Ваше мислење за работата на Советот на општина Струмица во изминатите двеипол години?**

Советот на општина Струмица излегува во пресрет на барањата на сите сектори на локалната самоуправа и на градоначалникот. Досега нема блокирано ни една програма, нашите идеи исто се реализираат и ние сме презадоволни од локалната самоуправа. Морам да нагласам дека градоначалникот има свое влијание да се носат квалитетни одлуки, не само од позицијата, туку и од опозицијата. Имаме спрецифичен начин на работа, политичките надмудрувања ги оставаме за предизборието.

**Значи ли тоа дека работите се сработуваат во комисиите?**

Комисиите работат и повеќе денови за да усогласат некои работи. Имавме една седница кога работите не беа средени на комисиите, и за која, вие новинарите, рековте дека трае предолго. Ние како совет не знаеме како да ги задоволиме вашите желби за малку „пожешки" седници. Во Струмица се задоволни граѓаните, така треба да биде, вам ви е монотоно да присуствувате на седници затоа што советот гласа хомогено. Советот не стравува дали позицијата ќе има мнозинство или не, сите советници ги чуствуваат како свои сите одлуки, сите решенија, имаме донесено 8 програми за да ја олесниме работата но и да го наполниме буџетот на Општина Струмица. Излегуваме во пресрет на барањата на оделението на урбанизам а со тоа и во пресрет на бизнис секторот, на економијата. Без добар совет ќе има блокада. Вие сте сведоци за блокадите во другите општини. Ние не ја кочиме работата, се во интерес Општината да добие еден нов лик, затоа што сите политички субјекти, и позицијата и опозицијата, пред избирачите, велевме дека Струмица е еден европски град и дека ќе го смени ликот за тие четири години.

**Честопати расправите во Советот поминуваат без ниедна дискусија. Се добива впечаток дека се е идеално или идеализирано. Пример: образованието!**

Ланската година комисиските расправи

околу работењето на училиштата, пионерскиот дом и библиотеката траеа со недели. Во Општина Струмица, училиштата работат многу совесно и подигнат е стандардот за тоа што треба да биде едно училиште. Сите советници се заинтересирани за подобро функционирање на сите училишта. Реперот за директор е многу висок но има место за уште подобро менаџирање со средните и основните училишта.

**Ќе издвоите ли некоја одлука или решение?**

Имавме еден урбанистички план вон населено место за Грчки инвеститор и тоа го сработивме мошне брзо во соработка со Министерството за транспорт и врски. Имавме доблес и донесовме одлука да се случи спогодба и да се врати земјиштето кое Владата и го додели на Општината на користење од 99 години, за Агрокор да изгради откупно дистрибутивен центар на земјоделски производи. Донесовме двегодишен план за развој на стопанстото, Стратешки план за економски развој на Струмичкиот микро регион, локален акционен план за животна средина, програма за социјалните потреби на граѓаните, програми за урбанистичко уредување, за гардежното земјиште, за улици и локални патишта, јавно осветлување.

**“НА ЕДНА СЕДНИЦА ОПОЗИЦИЈАТА ИМАШЕ НАПИШАНО ГОВОРИ. ТОА БЕШЕ ПО ПОСЕТАТА НА НИВНИОТ ПРЕТСЕДАТЕЛ”**

**Има ли опозиција во советот?**

Има. Тешка опозиција. Во Советот имаме искусни советници, но и советници кои знаат да и кажат на својата партија дека сите одлуки не се одлуки само на СДСМ.

**Има ли политиканство?**

Не, Советот работи во функција на Струмица, макар што на една седница советниците делуваа организирано, имаа напишани говори, тоа беше по посетата на нивниот претседател на Струмица, јас искоментирав дека така не треба да работме и дека треба да продолжиме во интерес на Струмица а не во интерес на СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ, иако во периодот кога бев избран бев и претседател на О.О на СДСМ-Струмица. Во разговорите со партиските непријатели секогаш сум истакнувал дека на преден план ни е Струмица.

**Има ли иницијативи на советничката група на ВМРО ДПМНЕ и нивните коалициони партнери, барања да се променат некој работи?**

Во изготвувањето на програмата работиме заедно. Сите советници од позицијата и опозицијата и независниот советник, го даваат својот максимум во планирањето. Во текот на годината сите предлози и измени се добредојдени и се надевам дека Советот така ке продолжи и понатаму. Струмица ќе има таков совет и во иднина.

**Тие и понатаму не ви го заборавaат нечленувањето во управните и училишните одбори!**

Тие ја имаат парламентарната власт на државно ниво. Во управните одбори што ги формираат тие, нема членови од СДСМ. Можеби ќе имавме доблест, но тие не прифаќаат учество со по еден член, туку сакаат некаква доминација. Мислам дека во управните одбори одговорноста е на тие што ја носат власта. Ние сме тие што ја креираат политиката во Струмица и ние сме тие што имаат доблест да разговараат со опозицијата на тие теми бидејки знаеме дека со инает ќе имаме само застој во општинските работи. Со соработка и со црпењето на нивните идеи ќе имаме подобра Струмица. Се надевам дека политиките нема да се мешаат толку многу во работењето на Советот и дека политичките фактори ке бидат само креативни коректори на тоа работење.

**Има ли прашања кои се наметнуваат а советот да нема ингиренции или моќ да ѓи реши?**

Имаме застој во некои сфери од децентрализацијата. Мислам дека со локалната децентрализација Република Македонија конечно станува европска. За многу проблеми на централната власт сега се грижи Општината. Доброто управување се гледа. Водиме политика на рамноправен развој на градот и на останатите населени места. Пример донесовме одлука за изградба на цевководи односно приклучување на градскиот водовод на поблиските населени места. Ние сме подготвени да финансираме половина од вкупната инвестиција, на потег се четирите населени места. Овде треба да партиципира и Владата на Република Македонија.

**Околу советничкиот надоместок, Ве обвинија дека одржувате зачестени а експресни седници за земање на дневници?**

Досега советот, во просек има по 2 седници во месецот. Советниците земаат по 3.200 денари, што е во законските рамки. Според мене тие пари на советниците од останатиет населени места не им стасуваат ни за превоз, бидејки за секоја седница тие доаѓаат најмалку 10 пати во просториите на Општината за да работат во комисиите. Во голем број Општини од земјата, советниците добиваат високи паушали, претседателите на советите имаат свои технички лица, користат службени возила. Кај нас тоа не е случај и мислам дека парите се минорни.

**Вашиот став околу иницијативата за донесување закон за сите надоместоци на избраните лица?**

Ние како совет на Општина Струмица ке бидеме бенефицирани, ке земаме околу 9.000 денари, што е за 30% повеке од сегашните, но тоа нема да ги мотивира советниците да работат повеке.

**Ја подржувате ли иницијативата за дводомност на ЗЕЛС?**

Мислам дека тоа е непотребно, затоа што градоначалниците се тие што ја претставуваат Општината, ние сме тука да ги корегираме, да ги носиме програмите, заклучоците, решенијата по кои работи градоначалникот. Советот му дава виза на градоначалникот. Советот го носи буџетот на Општината и негова е одговорноста за буџетот, а менаџирањето со парите и проектите е работа на градоначалникот.

**Соработката со градоначалникот?**

Имаме одлична соработка и сме многу потпомогнати од него, затоа што редовно присуствува на сите кординации, и на дел од комисиските расправи. Мислиме дека Општина Струмица има најдобар градоначалник, не во Македонија туку и во Европа.

# Сметам дека сме конструктивна опозиција!



## Ваша оценка за досегашното работење на Советот!

Како советник и советничка група сметам дека сме конструктивна опозиција. Ги истакнуваме нашите мислења, кои се разбира, секогаш не наидуваат на разбирање кај мнозинството. Сите мои дискусии, забелешки и укажувања се во правец на решавање на проблемите на граѓаните. Но се не оди така. Мнозинството си го прави своето. Двата прста се пресудни. Сепак кажанато останува. Мое мислење е дека доминантноста на позицијата, придонесува да се гласа за одлуките, но не носи квалитетна материјална расправа, по прашањата на дневен ред. Иако се е согласно статутарните правила и норми, често ни се случува да ги немаме сите информации, дополнителни материјали да ни се сервираат на самата седница, одлагање на точки од дневен ред и слично, но времето не учи како да ги бараме нив. Локалниот економски развој е просторот каде малку практично е направено. Медиумски, мислам дека фали поголема информираност од седниците на Советот. Треба да се размисли за тоа прашање - за начинот и формите за покривање на седниците, за да овозможиме граѓаните да го ценат и оценуваат трудот на секој советник, и се разбира и на Советот како орган.

## Го ,,преболевте” ли нечленувањето во управните и училишните одбори?

Не. Тоа е лоша пракса која му штети пред се на развојот на образованието и другите институции кои се под локална самоуправа, но исто така и на Советот и Градоначалникот, а пред се на демократијата. Поуката од непоставувањето на членови од опозицијата, треба да ја извлече пред се мнозинството во советот. Одраз на тоа се партиските вработувања, непотизмот, блокирани сметки и позајмици, лошо менаџирање со училишниот денар и воочените неправилности при разгледувањето на нивните завршни сметки за 2006 година, за кои лично зборував и на комисијата и на советот. Едно се размислува, кога некој будно ја следи твојата работа, а сосема друго, кога си комотен и отсуствува другата страна. Прашањето на прием на новоработени и разни прераспоредувања, е надвор од нашиот домен. По мене, тоа е една од главните причини, опозицијата да не биде присутна во органите на управување во просветните и другите институции, кои се под ингеренција на локалната власт.

## Имам впечаток дека на неколку наврати, како да беше доведена во прашање кохезијата во редовите на вашата советничка група!

Не знам од каде имате таков впечаток. Мора да прифатиме дека советничката група е коалиција од повеке партии. На нашите координации имаме различни и спротивни мислења , но како советничка група сме компактни и излегуваме со изградени ставови , при донесувањето на одлуките на Советот. Нема ништо идеално на овој свет.

## Мнозинството во советот, конкретно и претседателот Зоран Ристов, на неколку наврати ве обвини за слепо спроведување на партиски директиви во функција на политички маркетинг. Го има ли ?

Не, за каков политички маркетинг станува збор. Таму каде што реагираме, а не е по волја на мнозинството, најлесно е да се препише како политички маркетинг и спроведување на партиски директиви. Советот и Градоначалникот, сите укажувања, треба да ги ценат и гледаат пред се во правец на тоа, ние се бориме и имаме единствена цел, да носиме што подобри одлуки за сите граѓани на Општината. Политичката борба на различни мислења, може да донесе само квалитет. Жалам што нашите гласови се малку. Мнозинството е комотно, знае однапред дека ќе ги изгласа предложените одлуки. Рака на срце, да бидам искрен, нашата упорност, некогаш наидува на разбирање и се прифаќаат некои предлози .

## Ваше мислење за работењето на градоначалникот Зоран Заев?

Мислењето за работењето на Градоначалникот ќе си го кажат граѓаните. Ако барате мое мислење, лично сметам дека со своето работење, повеќе треба да биде Градоначалник на сите граѓани на Општината, а помалку Градоначалник за интересите на својата партија. Ингеренциите на локалната самоуправа ќе се зголемуваат, а со тоа и потребите на граѓаните. Тие мора да имат главен приоритет, пред сите други интереси .

# Висока е комуналната такса за уредување на градежното земјиште во населено место!



Лично, како советник, сметам дека, комуналната такса за уредување на градежното неизградено земјиште во останатите населени места од Општина Струмица е висока во споредба населените места од другите општини од Струмичкиот регион. Пример: Граѓаните на Куклиш и Муртино, немат ништо подобри услови, од жителите на Босилово, Василево или Ново Село, а плаќаат двапати повисока комунална такса, електричната енергија секаде е со слаб напон, водоснабдувањето е нередовно, ниту едно село нема изградено фекална канализација и ред други работи. Ниту едно село во Општина Струмица не е опфатено со деталеn урбанистички план. Генерални урбанистички планови имаат само Куклиш и Муртино, бидејќи беа општински центри, сега со новиот закон за урбанистичо проектирање, воведено е самфинансирање, при изготвувањето на деталните урбанистички планови за одредени блокови. Во текот на 2007 година сите нови ДУП во Струмица беа изработени со самфинансирање, при што се гледа дека секој граѓанин кој има спечалено некој денар повеќе сака да инвестира, и планира да си ги врати со некоја инвестиција, додека во населените места ситуацијата е друга, никој не сака да плати детален урбанистички план на одреден блок, бидејќи не може да си ги поврати средствата. Како советник предложив да се направи ДУП за урбаниот блок "Липа" во Куклиш, бидејќи тој дел од селото е ненаселен и има шанса да се направи еден убав урбанистички спој со Струмица, но предлогот од страна на советниците беше одбиен, со образложение дека сите ДУП во Струмица се изработуваат со самофинсирање. Се прашувам, кога ние од селата ке дојдеме на ред да направиме ДУП па да си ги решиеме нашите урбанистички проблеми. Има една стара мудрост: - Село фали-во град живеј!





# Ајде да сториме нешто и за Струмица!

Ветивме и остваруваме. - Еве и Струмица дојде на ред, да сториме нешто и за нејзините граѓани. Проектот е финасиран само од Владата на Република Македонија, за просториите и останатото (кујна, луге, прибор, достава, простории) можеби учествува Општината, немам информации. Но сепак тоа е проект на Владата кој го оствaруваме во повеке градови во Македонија. - Тоа е дел од меѓусебната комуникација со новинарите на претседателот на Владата Никола Груевски, по отварањето на народната кујна во Струмица, во која ќе се дели храна за социјално загрозените категории на граѓани.

Добрите хроничари ке забележат дека навистина е така. Народната кујна е единствениот, соколов поглед, на сегашното државно раководство кон Струмица. Најновата најава, од вицепремиерот Зоран Ставревски е дека гасоводот, што треба да се гради од Рускиот долг кон нашата земја, ке „патува" накај Тетово и Гостивар. Нормално, се патува по патишта и афтопати, кои таму се изградија, ако тргне „навам" гасоводот, ке се скрши по коцките.



# Трагедија во Банско

Втората ноќ од септември беше кобна за двајца штитеници од Заводот за рехабилитација во Банско. Во пожарот, што избувна во една од собите, од труење со чад на самото место починаа Драганчо Стоилов (13) и Бајрам Мимишев (10). За среќа, благодарение на големата пожртвуваност на вработените, пожарникарите и дел од гостите во хотелот „Цар Самуил" избегната е уште поголема трагедија. Биле извлечени сите деца, но Драганчо и Бајрам, починале надвор на клупите. Истрагата за случајот сеуште е во тек и најверојатно ќе бидат отфрлени обвинувањата за евентуална вина на еден од вработените во Заводот.

Во знак на оддавање почит кон трагично загинатите деца во Банско, со одлука на градоначалникот Зоран Заев, 4 септември беше прогласен за ден на жалоста во Општина Струмица. На 11-септември -Денот на ослободувањето на Струмица, градоначалникот Зоран Заев, ја објави одлуката, со која на штитеникот Жарко Јачев му е исплатена парична награда од 15.000 денари за несебичната помош при спасувањето на останатите штитеници во трагичниот пожар. Во изминатите 9 месеци од годината Територијалната професионална противпожарна единица, имала 278 интервенции, од кои 92 биле на отворен простор.



# Започна студиската година на земјоделските факултети во Струмица

Со свечено врачување на индексите на 57 студенти од третата генерација и со потпишување меморандум за соработка со Општина Струмица, започна новата студиска година на дисперзираните студии на Факултетот за земјоделски науки и храна при Универзитетот „Свети Кирил и Методи" во Струмица.
- Пред 3 години се плашев дали ќе биде или нема да биде, сега сите сме горди, студентите на Факултетот во Струмица се меѓу најдобрите, изјави деканот - Ордан Чукалиев.

- Добредојдовте во препознатливиот универзитет, со 21 факултет, 9 институти, со 40 000 студенти, од кои 700 се странци, стоеше во обраќањето на ректорот на Универзитетот, Ѓорѓи Мартиновски, кој изрази посебна благодарност до Општина Струмица, за идеалните просторни услови во Домот на Армијата и сето друго што го прави за дисперзираните студии . Добредојде во Струмица и успех на идните студенти, како домакин, им посака градоначалникот Зоран Заев.
На почетокот на октомври започна студиската година и за 70 студенти на Земјоделскиот факултет при новиот универзитет „Гоце Делчев" за кои наставата се изведува во Јавната институција - Институтот за јужни земјоделски култури.



# Солзи од првачиња

Многу конфузија и непријатности на стартот на учебната година, предизвикаа десетина ученици, кои тргнаа на училиште, не исполнувајќи го Законскиот услов, да бидат родени до крајот на календарската 2001 година. Речиси месец дена по нивното вклучување во настава, реагираше Министерството за образование и просветниот инспекторат. Направени се записници, во воздух лебдат казни за директорите се разбира за прекршување на законот. Реагираа родителите, очекувано, ги подржуваат децата, кои тешко се разделуваат од своите нови другарчиња.

# Отворен центар за дијагностика со современ мамограф




Кога ќе се здружат силите, во случајот заеднички, на Фондацијата „Борис Трајковски" на Институтот за радиологија и мамографија од Охајо-Америка и на Локалната самоуправа Струмица, преку отварањето на Центар за дијагностика со современ мамограф, започнува борбата против една од најопаките болести на денешницата - рак на дојката. Уште повеќе што испитувањата говорат дека 95% од случаите, забележани во раната фаза, можат да бидат излекувани. Научниците и лекарите, до ден денес не можат да ги откријат причините за појава на оваа болест.

На самиот чин на пуштање во работа на Центарот, кој е сместен во новиот болнички крак, присуствуваше и Министерот за здравство на Р.М. Имер Селмани. При тоа, тој најави дека ЈЗУ Општа болница Струмица, наскоро ќе добие медицинска опрема, во најголем дел дијагностичка, во вкупна вредност од 1.600.000 евра.



Од името на Фондацијата „Борис Трајковски" својата благодарност до сите пријатели кои помогнаа околу опремувањето на Центарот, ја изрази сопругата на покојниот претседател, Вилма Трајковска. Директорот на Општа Болница Ирфан Максудов, нагласи дека е направен најзначајниот чекор во раната детекција на оваа заболување. Градоначалникот Зоран Заев, изразувајќи ја благодарноста за соработката, во име на Општината ја истакна досегашната професионална соработка во интерес на подобрувањето на здравствениот систем во поширокиот регион. Инаку со одлука на Советот на Општина Струмица за опремување на Центарот се донирани 7.500 евра.

На отварањето на Центарот претходеше една голема кампања за „Запознавање на заедницата со раното откривање на ракот на дојката", на која белег и даде др. Ричард Хирш од Американскиот институт за радиологија и неговиот тим предавачи, кои имаа дваесетина блиски средби со различни целни групи во регионот.

Импресиониран од блискоста на луѓето во нашата средина, др. Хирш уште на првата средба, пред почетокот на кампањата, рече: Јас себе си се сметам за Македонец и јас сум дел од вас. Искажа многу пофални зборови за лекарите и останатиот медицински персонал во Болницата, надевајќи се дека тие ќе пренесат своите знаења на другите во останатите Центри во земјата.

**ИНТЕРВЈУ**

Стојан Динев, Раководител на Сектор за урбанизам, комунални работи, заштита на животната средина и локален економски развој



# Ако ја завршиме урбанизацијата на постојните 250 хектари, следните 4 гарнитури ќе нема што да работат!

**ГРАДСКИОТ ПАЗАР Е ПРИМЕР ЗА ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО**

Раководител сте на повеќе одделенија, се издвојува ли некој проблем посебно?

Немањето детални урбанистички планови. Сегашната Општинска гарнитура амбициозно тргна во решавањето на овој недостаток, од кој произлегуваат сите останати проблеми. Веќе е отпочнато со изработката на деталните планови за повеќе блокови во вкупна површина од околу 250 ха. Доколку го реализираме тоа, следните четири Општински гарнитури ќе нема што да работат од оваа област, освен да ги реализираат тие трајни документи.

Урбанизација, легализација, дивоградби?

Во постапката за донесување на детални планови застапени се повеќе фази: Најпрво се изработуваат ажурирани геодетски подлоги, потоа се врши инвентаризација на посоечката состојба од лице место со детален опис за видот на градбата, потоа следува нацрт план, па предлог план кој се усвојува или не од страна на Советот на Општината.
Со тоа е завршена целата постапка за донесување на детален план за одреден блок. Во поглед на легализацијата на градбите сеуште нема донесено Закон за легализација. Сегашната законска регулатива предвидува рушење на дивоградбите, што сметам дека е избрзано решение. Дивоградбите никнат секојдневно поради следното: Луѓето сакаат на еден начин да го избегнат плаќањето на комуналниот надоместок, а другото е заради тоа што секој има потреба при зголемувањето на бројот на членовите на семејството од проширување на постоечката градба или нова локација за градба, што значи немањето на детални урбанистички планови е една од причините за иницирање на дивоградбите.

Голем број дивоградби, значи ли тоа дека во минатото имало гледање низ прсти?

Тоа е очигледно, но во различни периоди од развојот на Општината причините биле различни и не можат да се сублимираат во една констатација, затоа немам коментар. Откривањето на дивоградбите на еден начин ќе се изврши со евидентирањето на имотот од страна Комисиите за проценка на недвижниот имот и со тоа ќе ја имаме точната бројка на овие дивоизградени објекти.
Кој дел од градот е “нападнат”, односно атрактивен за индивидуално домување?

Блоковите  25 и 26, односно месноста

Чамл'к или Лозјата на Југозападниот дел од градот се сметаат како елитни, поради тоа што таму се предвидуваат поголеми градежни парцели од 1000 до 2000 м$^2$ и на кои и процентот за градба ќе биде поголем.

## Индустриски зони, посебно интересна зоната кон Дабиле!

Ги има 25, во моментот 9 девет од нив се предмет на урбанизација. Стопанската зона Север има делумно изведена инфраструктура, изградена преку самофинансирање, но останатите инфраструктирални проблеми треба заеднички да ги решиме со сопствениците на изградените и објектите што во иднина треба да се градат по донесувањето на деталниот урбанистички план за блоковите 3, 3А и 5. Во урбанистичката документација за населено место за Дабиле, поготово стопанската зона кон градот е исто така атрактивна, но со постоечката УДНМ за Дабиле се предвидени изградби на објекти само покрај патот а не е водено сметка за останатите парцели што се наоѓаат во втора линија. Тука треба да се изнајде решение за влезовите и излезите од тие градежни парцели, кои сега излегуваат директно на магистралниот пат и се потенцијална опасност за сообраќајот.

## Има ли Струмица критична точка во поглед на сообраќајните решенија?

Тоа е раскрсницата помеѓу улиците Климент Охридски и Ленинова. Веќе е отпочнато со реализација на оваа раскрсница со кружно одвивање на сообраќајот како пофункционално решение во однос на семафорското решение. Актуелен и понатаму е заобиколниот пат Ангелци - Вељуса во должина од 3.140м со чија изградба, во тој дел ќе се поврзат општините Струмица и Василево а делницата до Радовиш и Штип за Вељуса, Водоча и Баница се скратува за цели 15 км. Оваа година беа доделени само 1.000.000 денари. што е симболична сума во однос на вкупната инвестиција која изнесува околу 25.000.000 денари.

## Во ваше време сепак се изгради грандиозниот објект – покриен градски пазар. Имаше напади дека е дивоградба!

Со самиот почеток на изградба на градскиот пазар започнаа обструкциите од централната власт за да не успее проектот, а се со изговор дека не е водено сметка за сопственоста на земјиштето па во тој контекс намерно беа вметнати вештачки проблемите со денационализацијата на земјиштето на одредени субјекти кои апсолутно немаа право на денационализација бидејќи на крајот се констатира дека тие благовремено ги имаат подигнато парите односно правилно се обештетени. Што се однесува до шпекулациите дека Градоначалникот го има сменето Генералниот урбанистички план како би се предвидела локација за изградба на градско пазариште, не држи вода, бидејќи покриениот градски пазар е предвиден со деталниот урбанистички план од 1985 год.
Има извесни корекции на фасадата од објектот поради желбата и интересот на купувачите на деловните простори да добијат дневна светлост иако тренд е во архитектурата таквите објекти да бидат од затворен тип, бидејќи тогаш сите сопственици на деловни простори се во подеднаква улога и се рамноправни пред самите купувачи кои на тој начин ќе бидат принудени да влезат во објектот и слободно да бираат каде е нивната цел. Што се однесува до некои функционални промени во внатрешноста нема, освен некои ситни потреби и желби на купувачите на деловните простори за задоволување на потребите од подобра функционалност на самиот локал. Користа на општината и Комуналец е огромна. Добивме 3100м$^2$ современ пазар, 100м2 деловни простори и 1860м$^2$ дел од катната гаража. Практично без вложен денар се постигна голема и трајна добивка. Од друга страна се промени целосно изгледот на централното градско јадро. Струмица доби објект со кој ќе се гордееме сите.




## Не беше лесно на почетокот. постоеше скепса, обиди за стопирање, се јавија "сопственици" на земјиште!

Проблеми вештачки ни беа наметнати со денационализацијата на земјиштето на неколку претходни сопственици на помали делови од таа површина за градба што беше предвидена со проектот, иако целокупната Струмичка јавност знаеше дека сите тие фамилии биле обештетени за тоа земјиште. Но на крајот се излезе на виделина. Исто така друг проблем ни се наметна со бараката на Треска. Во 2000 год. со одлука на Врховен суд времениот објект барака беше даден на Комуналец со налог да се руши истиот, меѓутоа Треска во 2002 година го има неправилно спроведено во јавната книга на недвижности; и тоа како времениот објект кој е запишан како објект од траен карактер, така дури и земјиштето под објектот е запишан како нивен имот. Тоа е чист криминал! Републичките инспектори наместо да го преиспитат сето тоа тие не обвинуваа нас за не спроведување на законот. Тоа е долга историја за која треба повеќе простор и време се да се објасни.

## Општина Струмица ќе го претставува струмичкото стопанство на меѓународни саеми

Продолжува реализацијата на проектот Меѓународна саемска промоција на струмичкото стопанство, кој од страна на Центарот за локален економски развој на струмичкиот регион беше изработен и аплициран до ГТЗ Редем. Проектот кој е во состав на макро проектот Strumica Economy и дел од промотивната кампања Струмица отворена за бизнис, предвидува изработка на мултимедијално цд Strumica Economy, во кое ќе бидат опфатени дрвната и прехрамбената индустрија од струмичкото стопанство и нивна промоција на меѓународни саеми во Белград и Загреб.
Мултимедијалното цд Strumica economy, wood industry, веќе е изработено и содржи фотографии и информации за 12 производители на мебел, а во тек е и неговата промоција на меѓународниот саем Амбиента во Загреб, Хрватска кој е еден од најрепрезентативните саеми од оваа категорија во Европа. Мултимедијалното CD Strumica economy во текот на месец ноември ќе се надополни и со прехрамбениот сектор и ќе биде промовирано на меѓународниот саем за храна, пијалок, вино и опрема кој од 26 до 28 ноември ќе се одржи во Белград.
Овој проект претставува продолжување на започнатите активности на Центарот за ЛЕР за промоција на струмичкото стопанство, во рамките на кој беше изработен веб порталот www.strumicaeconomy.com и беше одржан бизнис форум меѓу струмички и грчки бизнисмени во Солун.
Проектот е финансиран од ГТЗ Редем а во него учествуваат и останатите општини од струмичкиот регион.

## 117.000 Евра од европската унија за отварање на тренинг центар за високообразовни кадри

Општина Струмица доби нов проект од Европската унија со вкупен буџет од 140.000 евра од кои 117.000 евра се донација од ЕУ. Средствата ќе се користат за отварање на Институт за применета технологија кој ќе биде најсовремено уреден и опремен со 25 компјутери, принтери, лцд прожектори и др. Институтот ќе треба да им помага на високообразовните невработени кадри да ги подобрат своите работни перформанси и да се прилагодат кон потребите на пазарот на труд.
Сите учесници во проектот ќе добијат тренинг, информации и совети од стручни лица од земјата и странство во области од значење за нивното сопствено професионално усовршување. По обуката, учесниците ќе добијат потврда - сертификат за учество во проект финансиран од ЕУ.
Проектот предвидува и одржување на три саемски манифестации на компаниите од струмичкиот регион и високообразовните кадри, со крајна цел – вработување на учесниците во компаниите кои сопствениот развој ќе го генерираат преку вработување на високообразовни кадри. Партнер на Општина Струмица во овој проект е Општина Ахиос, Грција, а активностите од проектот ќе започнат до крајот на годината и ќе траат 18 месеци.

## Современа туристичка сигнализација и нови канти за отпадоци до туристичките локалитети

Центарот за локален економски развој на струмичкиот микро регион започна со реализација на три нови проекти во кои како донатор се јавува УНДП. Се работи за проекти предвидени во Стратегијата за локален економски развој на струмичкиот регион која како официјален документ за развој беше донесена од советите на четирите општини од регионот.
Првиот проект "Туристичка сигнализација на струмичкиот микро регион" предвидува поставување на 3 информативни билборди и 50 патокази на клучните крстосници во градот и околината, кои упатуваат кон културно-историските и туристички капацитети на микро-регионот. Во вториот проект е предвидено поставување на 190 метални канти, 64 пластични канти и 29 контејнери за отпад на сите пристапни патишта до туристичките локалитети во струмичкиот регион. Третиот проект ќе се реализира на територијата на Општина Ново Село а истиот предвидува уредување на уличната и патната мрежа во индустриската зона Борисово.

## Соработка со грчки општини



Во рамките на спроведувањето на активностите од проектот за прекугранична соработка финансиран од INTERREG III A Програмата, на покана на градоначалникот Димитрис Терзидис, градоначалникот на Општина Струмица, Зоран Заев, беше во работна посета на Општина Кукуш, соседна Грција. На средбата беше презентиран проектот "Презентација и транснационална промоција на ридот на Св. Горѓи над градот Кукуш" кој е финасиран од INTERREG III A програмата на Европската Унија за прекугранична соработка меѓу Р. Македонија и Р. Грција, а во кој Општина Струмица и Општина Кукуш се јавија како проектни партнери. Во Кукуш, Градоначалникот на Општина Струмица, Зоран Заев и Градоначалникот на општина Кукуш, Димитрис Терзидис потпишаа писмо со намери за понатамошна соработка меѓу двете општини. Општина Кукуш е втората грчка општина со која Општина Струмица оваа година воспостави соработка. На почетокот на оваа година Општина Струмица воспостави соработка со Општина Ахиос.

## Соработка со турски општини



Изминатиот месец, Општина Струмица воспостави соработка со три општини од Турција. Станува збор за Општините Илица - Анталија и Општина Сакмиш, со кои заеднички се аплицираше до фондовите од Европската Унија за проекти од областа на туризмот. Од 8 до11 Септември претставници на Општина Струмица по втор пат учествуваа на меѓународниот саем за конзервирани производи во Општина Чубук, Анкара.

## Соработка со бугарски општини



Продолжува реализацијата на проектот Воспоставување на долготрајна прекугранична соработка и размена на културно историско наследство меѓу Општина Струмица и Општина Петрич. Во рамките на активностите од проектот, во месец септември, групи од Р. Бугарија учествуваа на фестивалот на камерен театар “Ристо Шишков” и Струмичката ликовната колонија, а на почетокот на овој месец Старогратскиот ансамбл Распеани Струмичани учествуваше на Фестивалот на старата градска песна “Златен Кестен” во Петрич, Бугарија.

## Реконструкција на спортски игралишта



Овој месец целосно ќе заврши реконструкцијата и обновата на спортските терени и игралишта на територијата на општината. Изминатиот период се работеше на обнова на кошаркарските игралишта, одбележување, бојадисување на конструкциите за кошеви и поставување на нови табли и обрачи. Активностите од проектот ќе завршат во текот на овој месец, со спортска манифестација која ќе се одржи на обновените игралишта. Со реализацијата на овој проект, кој во целост е финансиран од Општина Струмица, се обновија фудбалските, кошаркарските и одбојкарските игралишта во сите основни и средни училишта во градот и во населените места Баница, Банско, Добрејци, Костурино, Градско Балдовци, Просениково, Муртино, Дабиље, Куклиш, Вељуса и Сачево.




# Цареви кули



Продолжува имплементацијата на активностите од проектот “Оживување на националната и културна знаменитост Цареви кули”, финансиран од Европската агенција за реконструкција и Општина Струмица. Овие денови привршуваат активностите од првата фаза од проектот - истражување, која започна на 1 јуни и која имаше за цел да се откријат елементите на фортификацијата, за што е можно повистинита реконструкција на тврдината. Добиени се многу податоци кои се однесуваат на секојдневниот живот на тврдината кој започнува од праисторијата, како и за духовниот и материјален живот на популацијата која ги населувала ридовите.

Истражувањата покажаа дека судбината на Цареви Кули, е тесно поврзана со судбината на градот Струмица, било тоа де е славниот Астраион, Тивериопол, Естреон или Уструмџе, Цареви кули секогаш стоеле тука и дури многу порано, длабоку во праисторијата кога овде цутела богата култура од времето на доцниот енеолит и раната бронзена епоха.

Веке е пробиен и поголем дел од пристапниот пат до тврдината Цареви кули, во должина од 2,7 км.
Согласно предвиденоит план на активности проектот треба да заврши следната година, до кога треба да бидат завршени конзервацијата, реставрацијата и соодветната промоција на со досега најширок спектар на промотивни материјали.

## Пристапни рампи до јавните институции



Со завршувањето на активностите од првата фаза на проектот Надминување на архитектонските бариери, во рамките на која се отстранети 150 постоечки рабници на тротоари, со вградување на посебни рампи за слободен пристап и движење на телесно инвалидизирани лица, се создадоа услови за продолжување со втората дел од истиот проект. Во оваа фаза во текот на месец октомври ќе се изврши оформување на пристапни рампи за движење на телесно инвалидизирани лица до јавни институции во Струмица. Реализацијата на проектот е кофинансирана од Општина Струмица и Фондацијата Институт отворено општество – Македонија, која на отворениот повик ја избра проектната активност на Општина Струмица и ја подржа финансиски, со 615.000 денари.

## Прва европска конференција за ЕУ фондови “можности и перспективи”



Градоначалникот на општина Струмица, Зоран Заев учествуваше на Првата европска конференција за ЕУ фондови, организирана од Капитал Медиа Груп, поддржана од Мисијата на Европската унија во Македонија. Европската конференција “Можности и перспективи” ја отвори Амбасадорот на ЕУ во Македонија, Ерван Фуере.

Градоначалникот Заев зборуваше во Панел 2 од конференцијата, на тема Очекувањата и потребите на потенцијалните корисници на ИПА фондовите во Македонија. Во своете излагање пред присутните Градоначалникот Заев го истакна искуството кое го стекна Општина Струмица од користењето на средствата од Фондовите за прекугранична соработка, проблемите со кои се соочуваше при реализација на проектите и за активностите кои ги превзеде за надминување на проблемите за подобра подготвеност на Општина Струмица пред стартот на ИПА фондовите.

Safari TRAVEL AGENCY

ЛИЦЕНЦА “А”

СЕДУМНАЕСЕТ ГОДИНИ ПОСТОИМЕ ЗА ВАС

-АВТОБУСКИ БИЛЕТИ
-АВИОНСКИ БИЛЕТИ
-ЕКСКУРЗИИ
-ПРЕВОЗ

-ЗИМУВАЊА
-ЛЕТУВАЊА
-САЕМИ
-ВИЗИ





СО “САФАРИ” ЗА НАЈМАЛКУ ПАРИ!!!

Strumica, Macedonia - tel: +389 34 345 335 - fax: 345 235
e-mail: safari@mt.net.mk www.safari-travel.info



**ИНТЕРВЈУ**
Панче Орцев,
Директор на
ЈПКД Комуналец

# Не ги делам вработените и корисниците на услуги по Партиска припадност!

Како стојат во моментот работите во Комуналец?

Моменталната состојба во ЈПКД „Комуналец„ е добра. Единствено тежина ни се обврските кон МЕАП програмата.

Што значи тоа конкретно?

Досега имаме искористено околу 2.900.000 Евра, искористувањето на средствата е при крај, за 6 месеци треба да вратиме 11.000.000 денари кои тешко се обезбедуваат. Проблемите стануваат уште поголеми, бидејќи претходното раководство не го искористило грејс периодот и не одделувало средства за враќање. Затекнавме нула денари а со моето доаѓање започна исплатата на првата рата, но како што реков немаше акумулирано средства за исплата. За разлика од нас пример: во Велес каде се искористува ист кредит за грејс периодот имаат акумулирано околу 50.000.000 денари.

Колкави се месечните обврски?

Месечно одделуваме околу 2.000.000 денари за да ја собереме 6 месечната рата од 11.000.000 денари.Сега засега во тоа успеваме, но тоа сериозно ни ги намалува можностите за инвестирање.

Дали е реализирана МЕАП програмата?

Ќе биде реализирана целосно до крајот на октомври, и она што е најважно сите средства се потрошени строго наменски.

Видливи ли се ефектите од проектот?

Тоа прво треба да го почуствуваат граѓаните кои се приклучени на новата водоводна мрежа,со која имаме осетно намалување на загубите на вода. Половина од домаќинствата се приклучени, а интензивно работиме да бидат приклучени сите корисници на услуги, овие денови се формираа уште три екипи кои покрај постојните, кои ќе работат непрекинато. За приклучокот не се плаќа.

Дали има реакции во стилот,- еве го раскопаа целиот град, види на што личи?

Има, и на тие граѓани обично им одговараме дека се ќе биде вратено во поранешната состојба.
Се случува работите да се развлечат, бидејќи фирмата која го има тендерот обично заради обемноста на работата да има и подизведувачи, кои понекогаш не можат да ја завршат работата во определениот рок. Тогаш обично граѓаните се обраќаат лично до мене. Во текот на оваа недела иницирав средба

со изведувачите, на која ги поканив и претставниците од Европската банка, консултанската куќа и надзорниот орган од Европската банка при што договоривме да се направат сите напори да се запазат роковите, односно до крајот на октомври да се завршат сите градежни работи.

### Има ли селективно приклучување?

Не, но има селективно приклучување во однос на тоа кој каков плаќач е. Од корисници кои имаат долгови бараме да дојдат овде на разговор и договор. Има корисници кои не платиле вода 10 години и долгот не можат да го платат веднаш. Затоа му даваме можност да плати на повеќе рати, 10, 20, дури се откажуваме и од каматите, но сето тоа преку претходно склучување на заедничка спогодба.

### Дали е зголемена наплатата?

Да, кај домакинстват дојдовме до 70 %. На денот на моето доаѓање затекнав наплата до 53 %. Многу потешка е наплатата кај правните лица. Се слушуваат интересни работи и покрај тоа што добар дел од нив се приватни субјекти. Многу често сопствениците ги ги менуваат фирмите, ќе направат долг од 50 или 100.000 денари, фирмата се ликвидира и се отвара нова, а долгот останува, бидејќи нема од кого да се наплати. Деновиве се продаде Југотекс каде и ние имаме побарување, влезени сме во стечајната маса, но предност за наплата имаат големите доверители. Конкретно од 2,500 000 денари, по измирувањето на сите доверители ние ќе наплатиме само околу 50.000 денари, што значи дека ги губиме останатите пари.

### Има ли исклучување?

Има. Екипите за исклучување секојдневно се на терен. По Законот за водоснабдување сме должни да го опоменеме неплаќачот кој го повикуваме во рок од 7 дена да дојде да се договориме, но ако не дојде во тој временски рок преминуваме кон најнепопуларната мерка- исклучување. За повторно приклучување не се наплатува ништо, битно е, корисникот, откако ќе се договориме да ја плати првата рата, потоа редовно да ја плаќа потрошената вода. Голем проблем ни се неплаќачите во зградите, бидејќи не можеш да го исклучиш целиот објект поради еден или двајца неплаќачи.

### Дали Комуналец стои зад кампањата за приклучување на градскиот водовод на околните населени места?

Стои. Лично и јас присуствував на тие средби. Комуналец учествуваше со 50 % од парите за изработка на проекти за водоснабдување на тие населени места и јас мислам дека ние треба да произведуваме вода и да имаме што поголем број на корисници. Можеби сите не го делат моето мислење но колку повеќе потрошувачи толку повеќе приходи. Водата е наш производ за пазар, мораме да ја продаваме, а наш проблем е како и дали ќе ја наплатиме. Конкретно за тие четири населени места подготвивме и поволни услови за приклучување, односно таксата за приклучок е 12.000 денари, многу помала од она што ја наплатуваат другите комунални претпријатија во регионот. За да дојдеме до таа поволна цена се откажавме од делот за работната рака и во неа влегува; изработка на шахта, мерач на проток, односно целосно приклучување на мрежата.

### Каква е состојбата во останатите населени места?

Пред неколку дена направив една поширока анализа, конкретно за секое населено место. Каква е состојбата, што има, што треба да се направи и колку сето тоа ќе чини,со тоа што сите би добиле водоснабдителни мрежи по современите стандарди. Водоводот во Муртино, од кој со вода за пиење се снабдуваат Муртино и Сачево, нема станица за хлорирање,што е голем проблем и бара дополнително финансирање од околу 300.000 денари. Кога тоа ќе се заврши Муртино и Сашево ќе имаат квалитетна вода за пиење. На барање на граѓаните од Банско, со Одлука на Советот на општина Струмица, го презедовме управувањето со водоводната мрежа и во самото населено место а досега стопанисувавме со хотелскиот комплекс. Наидовме на многу проблеми, и две недели работиме само на чистење на шахтите, кои се наполнети со ѓубре и камења. Мрежата веке е средена и започна приклучувањето на домакинствата со вградување на водомери.

### Дали Комуналец ја следи динамиката на промени во градот, конкретно на Булеварот „Маршал Тито„ и „Ленинова„ ?

Комуналец се координира со Секторот за урбанизам и комунални работи. Редовно се одржуваат состаноци на кои се договараме за заедничките работи, бидејќи кога се случуваат такви промени, ние поминуваме претходно со канализациона , водоводна мрежа, приклучок на објектите и се друго. Секоја активност на локалната самоуправа ни носи работа и дополнителни трошоци на наша сметка. На Булеварот „Маршал Тито„ и од двете страни, се заменија сите приклучоци, шахти, односно цела инсталација, за што се потрошени 1.200.000 денари.

### Во каква состојба е канализационата мрежа?

Генерално во лоша состојба, но работите набргу ќе се сменат со пристигнувањето на специјалната машина за чистење, која ја очекуваме.

### Комуналец честопати тврди дека е во загуба од останатите дејности, помеѓу другото и од гробиштата?

Точно, финансиски не се покриваме со средствата од солидарниот фонд во висина од 44 денари, одлука за плаќање е од 1997 година. Од тогаш наваму површината на гробиштата е зголемена за четири пати и потребно е да се размислува и за проширување. Тука има и наследени проблеми околу земјиштето заради нерасчистени имовински состојби.

### До каде стигна соработката околу собирање и рециклирање на отпадот со „Заубермахер„ од Австрија? Слушаме обвинувања за несоработка околу доставувањето на сите податоци и анализи?

Тоа не е точно. Ние навреме ги доставивме анализите и податоците. Имавме неколку заеднички состаноци, на кои баравме да излезат со конкретни податоци колку ќе бидат оптоварени со трошоци, граѓаните во Струмица, колку во Ново Село. Мислам дека екомски не

им се исплаќа и затоа се застана.

Ја мешате ли директорската позиција со функцијата претседател на О.О. на СДСМ?

По завршувањето на обврските на работното место, кои понекогаш знаат да се оддолжат и по 16 часот, за партиски активности на располагање имам партиска просторија во која вообичаено одам по 18 часот. Како човек никогаш не сум ги делел луѓето по политичка припадност. Тоа што истовремено сум директор на Комуналец и претседател на ОО СДСМ, не ми дозволува да правам селективност ни кон вработените, ни кон корисниците на услугите.

РАДИО ТАКСИ „ДАВ - 02“
15-60
АКО КРЕДИТОТ ВИ Е МАЛ ОСТАВЕТЕ НИ СИГНАЛ
МОБ. 071 239 898 071 239 899

**Предлог на здружението на јавните претпријатија и на пратеничката група на СДСМ**

## Државата да плаќа дел од сметките на корисниците на постојана парична помош

Со образложение дека Македонија се прокламира како суверена, самостојна, демократска и социјална држава, и дека заради немаштија, добар дел од Македонските семејства не можат да си ги платат сметките, здружението на Јавните комунални претпријатија од земјата и пратеничката група на СДСМ, во Собранието на Р.М. побараа измени на Законот за социјална заштита, со додавање на алинеја: паричен надоместок за користење на комунални услуги, на кој би имале право корисниците на постојана парична помош. Количината на потрошена вода, канализација и депониран отпад ке ги одредува Министерството за труд и социјална политика.





# Ристо Шишков во Европа!

ЃОРГИ ЈОЛЕВСКИ ЈА ОСВОИ ПРЕСТИЖНАТА НАГРАДА, А ФЕСТИВАЛОТ ВЛЕЗЕ ВО ЕВРОПСКОТО ЗДРУЖЕНИЕ НА ТЕАТРИ И ФЕСТИВАЛИ.



Тешка задача имаше жирито на годинашниот 15-ти фестивал на камерен татар „Ристо Шишков". Од 12 претстави, одиграни на 9 светски јазици, од 40 актери, да го одбере најдобриот актер, а за прв пат годинава и најдобрата претстава во целина. Со образложение дека остварил креација што едноставно плени со својата леснотија во изразувањето на многуслојната улога, преку студиозно градење на ликот, со прецизна точност својствена за него, истрајност до крај, со прецизност во гестот и движењето во совршена хармонија, својствена само за големите актери, и дека изградил лик кој е мошне сложен, во психолошка, емотивна и физичка смисла со јасно дефинирани односи со партнерите на сцената, наградата „Ристо Шишков" за најдобро актерско остварување во претставата „Делириум за двајца" ја доби Ѓорѓи Јолевски.
Убаво е чувството да се биде меѓу актерите што досега ја добиле наградата. Ристо Шишков ни остави аманет сериозно да се занимаваме со оваа уметност, да се водиме по неговите стапки, зашто неговиот дух останува да живее кај македонските актери-изјави Јолевски.

Наградата за најдобра претстава ја доби црногорската претстава „Нора" од Хенрик Ибзен, во режија на Бранислав Миќуновиќ.



Презадоволен сум од годинашното издание - ќе изјави директорот на фестивалот - Ванчо Ристов-Патрико. Публиката бараше влезница повеќе. Во 5 дена имавме 20 случувања. Направен е нов чекор во доближувањето кон публиката со анимирање на други простори (Сириус, Селект). Сето тоа е плод на макотрпна работа, голема благодарност до селекторот Благоја Стефановски, кој е задоволство да го имате, до Министерството за култура а посебно до Општина Струмица. Некому во државата можеби му смета 15 годишниот растеж на фестивалот, кој неодамна, во Љубљана, е примен во Европското здружение на театри и фестивали, со што на еден начин се наградува искуството и комуникацијата со Европските театри.

## Драги Хаџикотарев

**ГРАДЕЖЕН ИНЖЕЊЕР ВО ПЕНЗИЈА**



Убавина и монументалност, надалеку ја нема, дилемата кај мене е дали ке се ефектуира градбата. Режиските трошоци за вакви објекти се големи, ова е скап деловен простор со високи кирии  а народот сеуште ги ,,стиска,, парите, можеби ке ги чека поубавите времиња. Булеварите со фонтаните се добро решение.

## Боро Николов

**ЗАНАЕТЧИЈА**



Природата на мојата работа е таква што во мојот дуќан секојдневно доаѓаат муштерии од сите генерации. Разговарам со секој муштерија, од нив слушам се́ и сешто, но заедничко на сите е дека го сакаат својот град и се горди што живеат во Струмица.

## Цветан Павловски

**ПРОДАВАЧ ВО ГЕРМАНОС**



Убава работа е тоа што се гради. Дај боже да се гради така и на други места. Тешко се навикнуваме на промените. Првиот ден кога ,,работеа,, водоскоците, на сите во околните продавници и на ,,ченчерите,, како да ни беше ,,шубе,, од шумот на водата. Веројатно ке треба време да се навикнеме.

## Зоран Манушев

**ХЕМИСКИ ТЕХНИЧАР**




Самиот начин како Општина Струмица го планира буџетот, односно начинот како се мисли за секое населено место дури и за најмалото, и анкетирањето на самите граѓани, како и можноста сами да одлучат на што да се потрошат нивните средства, е нешто ново за мене.

## Благој Љончев

**ТАКСИСТ ОД ВЕЉУСА**



Такво нешто никаде нема. Струмица е меѓу првите градови. Задоволен сум од она што го прави Општина Струмица за Вељуса. Асфалтирани се речиси сите улици, градоначалникот вети реконструкција на Домот на културата. Четири пати ни ја чистат депонијата но жителите од Водоча, несовесно, повторно ја полнат.

## Алекса Коцев

**НАСТАВНИК ВО ПЕНЗИЈА**



Муртино го смени својот лик. По новата територијална поделба го изгубивме статусот на Општина, но сепак како што реков Муртино се гради. Имам само уште една желба како граѓанин, да се заврши спортската сала за да можат да ја користат децињата од училиштето.

# КК Струмица го освои супер купот, на ред е Цедевита!



Кошаркарите на Струмица го освоија Супер Купот на Македонија,  за трофејот на Македонски спорт за 2007 година. Пред околу 2500 гледачи, во спортската сала Парк, актуелниот шампион Струмица убедливо го совлада освојувачот на купот Вардар Осигурување со 37 кошеви разлика,  99 : 62. На теренот настапија речиси сите играчи. Диме Тасовски, со 21 поени (6/10 за три поени) беше најефикасен на натпреварот и  го доби приматот МВП. Следува натпреварот  во ФИБА Купот со КК Цедевита од Загреб, Хрватска. Првиот натпревар се игра во Загреб, на 30 Октомври (вторник) во 18.30 часот.

## Јовица Арсиќ
ТРЕНЕР НА  КК СТРУМИЦА

**Може ли Струмица да ги помине двете елиминаторни кола, односно да се совладаат Цедевита и Локомотив – Ростов?**
Сигурно дека задачата не е лесна, ние баш и немавме среќа со ждрепката во Фиба купот. Цедевита е добро подготвена екипа, со голем буџет и успеаа да се засили со квалитетни играчи но и Струмица, за разлика од минатата година е посилна со новите имиња меѓу кои се: Тасовски, Соколов, Латовиќ, Делиќ и Ангелакис, па затоа сметам дека ако разликата од првата средба не биде голема, очекувам на втората средба пред домашната публика да направиме чудо и да го поминеме првото коло.

**Што донесоа новите засилувања?**
Сигурно квалитет. Бидејќи се работи за играчи кои веќе имаат покажано дека можат да играат многу добро,  особено во домашните лиги и сигурен сум дека следуваат доста интересни средби.

## Ненад Делиќ

Ќе се обидеме да сториме се што можеме да ја совладаме Цедевита. Првиот натпревар е во Загреб, каде  ако дадеме се од себе, ќе ни биде многу полесно на втората средба во Струмица.

**Впечаток од Струмица?**
Доаѓам од Загреб, Гледам дека публиката ја сака Струмица, градот е мал, но не сум имал можност да го запознаам во целост.

## Диме Тасовски

Не ја познавам доволно екипата на Цедевита, се информирам преку нивната интернет страница и оваа година многу се засилени со нови играчи.

Добро сум примен во екипата, со оглед дека минатата година ја поминав во противникот на Струмица во финалето, градот ми се допаѓа, современ град, кој забележувам дека секојдневно го менува својот лик.

# Горан Пандев во фудбалските височини



Струмичкиот интернационалец, Горан Пандев, со 2 израмнувачки голови против Европскиот гигант Реал Мадрид, на домашен терен, му донесе втор бод на Лацио, во второто коло од групата Ц во лигата на шамионите и трајно си обезбеди место во друштвото на големите фудбалски мајстори. До натпреварот со Реал Мадрид, неговата вредност на фудбалскиот пазар достигнуваше 11 милиони евра. По она што го прикажа против Реал, некои работи може само да се претпоставаат. Двата прекрасни гола постојано се вртат на Евроспорт и на другите Европски спортски канали. Горан Пандев, со Лацио има договор до 2011 година, со клаузула да може да замине идното лето, доколку има заинтересиран клуб, подготвен да го плати бараното обештетување.

ДИГИТАЛНО СТУДИО
ФОТО МЕНДО
СТРУМИЦА

# Беласица со нов сопственик!



Контраверзниот Ванчо Таковски, заминува, нов сопственик на Фудбалскиот клуб Беласица, е Перо Мишевски, во Струмичката јавност познат по бизнисот со нафтени деривати, градежништво, сервисирање и продажба на моторни возила. Беласица е купена, без пари, со обврски на клубот кон доверителите, за кои се тврди дека изнесуваат околу 100.000 евра.

Јас не сум дојден во Беласица да губам, јас сум дојден со лугето да работам и да создademe профит, - се зборовите на новиот сопственик Мишевски.

Во Струмица се играло и ќе се игра фудбал. Во Беласица веќе дуваат други ветришта. Наша цел е консолидација на Беласица, опстанок во Втората лига а во следната сезона враќање во Првата Македонска лига.

Во деновите на промена на сопственоста на Беласица, како некаква потврда дека Беласица има своја фудбалско минато и иднина дојде поканата за учество на турнирот во Виареџо-Италија.

# Тиверија со надежи



Искуството и младоста треба да ја вратат Струмичка Тиверија на некогашните позиции во Македонскиот фудбал. Во моментот се наоѓа на средината на табелата во Третата лига-Исток. Екипата е спој на искуство и младост, а од неодамна на тренерската позиција е назначен искусниот стратег Ристо Анчев-Аџимано.

- Се надевам на помош и од новата управа на Беласица, со преотстапување на дел од младите играчи за пролетниот дел од првенството, истакнува спортскиот директор Илија Панев-Шкуљ.

Од оваа сезона, под раководство на Тони Ефтимов, започна со работа пионерско-младинската школа, а координаторот Ристо Секулов од следната година, кога се одбележува 85 годишнината од постоењето, најавува настап и во кадетска конкуренција. Инаку Тиверија ја има личната финансиска поддршка од градоначалникот Зоран Заев.




ДООЕЛ „КИПО“

телефон: 034 344 245

мобилен: 075 214 218







Изведуваме секаков вид на градежни работи

ГАБРО

телефон:
070 214 766













**IN MEMORIAM**

# Ангелот замина на небото

Без зборови кои ќе можат да  ја опишат длабоката болка и загуба, Македонија и неговото родно Крушево, со највисоки државни и црковни почести, се збогуваа од својата Национална икона и звезда, Тоше Проески, кој загина во сообраќајна несреќа во Хрватска.

Господ ги сака ангелите, но тој жив ангел сеуште и требаше на оваа земја. Олицетворение на вистинските човекови вредности, меѓу кои се: љубов и почит кон семејството, кон ближните, кон својот народ,  кон сите народи на планетата земја. Звезда до височините а сепак обичен, секојдневен, скромен, никого не остави рамнодушен, сеејки љубов со која влезе длабоко во срцето на секој, создаде икона за поклонение за сегашните и идните генерации.

Замина во цутот на младоста со најава и предвидувања дека ќе ги освојува светските музички простори. Македонија го изгуби најголемиот амбасадор во светот, беше ангел божји меѓу нас. Колку ли пати ке повтореше - Ве сакам сите. Те сакавме Тоше. Неизмерна е нашата благодарност за сето она што ни го дари  за твоите премалку години со нас.

Посхумно Тоше Проески со одлука на Владата на Република Македонија, е прогласен за заслужен граѓанин на Репиблика Македонија.


За убавата слика на Струмица
ЈПКД Комуналец
телефон: 034 346 341